# Анализа на постапка спроведена во Агенција за филм по основа на Конкурс за финансирање на проекти за 2022 година

март 2023

ТРАНСПАРЕНСИ ИНТЕРНЕШНЛ МАКЕДОНИЈА

*Оваа анализа е изработена од Транспаренси Интернешнл Македонија во рамки на проектот „Промовирање на активно учество на граѓаните за борба против корупцијата во Југоисточна Европа“ поддржан од Министерството за надворешни работи на Германија. Мислењата изразени во оваа анализа не ги застапуваат ставовите на Министерството за надворешни работи на Германија.*

## Вовед

Во декември 2022 година Транспаренси Интернешнл Македонија (во понатамошниот текст ТИ-Македонија) прими пријава од граѓанин за сомневање околу легитимноста и законитоста на постапката во Агенцијата за Филм **за финансирање на проекти за производство на долгометражен и краткометражен игран, документарен и анимиран филм, објавен во јануари 2022 година** во втор рок на одлучување. Особено укажувањето од пријавителот се однесуваше на постоење на судир на интереси и нетранспарентна постапка во однос на селекцијата и изборот на кандидати и апликации во врска со конкурси објавени на веб-страната на Агенција за филм.

Со оглед на тоа дека постапката сеуште беше во тек, од страна на ТИ-Македонија беше одлучено да се спроведе мониторинг на постапката за избор на кандидати на **Конкурсот за финансирање на проекти за производство на долгометражен и краткометражен игран, документарен и анимиран филм, објавен во јануари 2022 година** во втор рок на одлучување.

За оваа одлука навремено (29.12.2022 година) беше известена Агенцијата за Филм, а доставено беше и барање за пристап до информации од јавен карактер (22.12.2022 година).

Во однос на транспарентноста и отвореноста за соработка од страна на Агенцијата за филм, може да се потенцира дека Агенцијата одговори позитивно на сите поднесени барања за пристап на информации од јавен карактер, а за информациите кои беа од поголем обем беше овозможен увид. Од страна на претставник од ТИ-Македонија увид во документацијата од спроведениот конкурс е реализиран на 30.01.2023 година. На увидот присуствуваше и претставник од Агенцијата.

### *Вредност на спроведен Конкурс за финансирање на проекти за производство на долгометражен и краткометражен игран, документарен и анимиран филм*

Вкупно одобрен износ за прифатени проекти по Конкурсот за финансирање проекти за производство на долгометражен и краткометражен, игран, документарен и анимиран филм за 2022 година во прв рок на одлучување согласно донесената Одлука изнесува 71.400.000,00 денари или 1.157.587 евра, додека во вториот рок за одлучување согласно донесената Одлука изнесува 198.700.000,00 денари 3.221.465 евра**.**

**Вкупно станува збор за 4.379.052,00 евра.**

***Правна рамка и начин на спроведување на конкурсот***

Согласно Законот за филмска дејност член 25 *(„Службен весник на Република Македонија"БР.82/13, 18/14, 44/14, 129/15, 152/15, 39/16 И 11/18 и Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.275/19)* за финансирање на проекти за производство на долгометражен и краткометражен игран, документарен и анимиран филм **Агенцијата за филм**[1] во јануари во тековната година објавува конкурс кој трае во текот на целата година, а одлучува по доставените филмски проекти на конкурсот двапати годишно во април и во октомври во тековната година.

**Конкурсот** се објавува во два дневни весници од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборува најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот.

***Органи кои учествуваат во постапката за избор***

**Директорот на Агенцијата** за филм со решение именува **Комисија за административна селекција** која изготвува Записник за спроведената селекција. **Директорот на Агенцијата** за филм назначува и **филмски рецензенти и финансиски советници.**

**Права на Директорот на Агенцијата и дискрециони овластувања**

Директорот на Агенцијата за филм назначува

- ✓ **Комисија за административна селекција,** која изготвува Записник за спроведената селекција, како и
- ✓ **Филмски рецензенти и**
- ✓ **Финансиски советници**.

**Комисијата за административна селекција** постапката за еваулација на проектите ја започнува со отварање и разгледување на доставените пријави и има за цел да утврди кои од пријавените проекти ги исполнуваат, односно не ги исполнуваат дадените услови согласно Конкурсот.

За конкретниот Конкурс пристигнати биле 64 филмски проекти и за истите постои **Административен записник,** согласно законот.

**Филмските рецензенти** се назначуваат за еваулација на доставените проекти, односно ги читаат сценаријата доставени со проектите на конкурсите, пишуваат рецензии за сценаријата и му предлагаат на **Филмскиот Совет** листа на приоритетни сценарија со предлог на проекти кои ги препорачуваат за поддршка од Агенцијата.

**Еваулациите на филмските рецензенти** (од рецензент поединечно вкупно освоени бодови и средна оцена) се претставени во табеларен приказ со освоено бодови по член 3 од **Правилникот** за поблиските критериуми и мерила за оцена на критериумите за финансирање на филмски проекти од национален интерес во филмската дејност[2].

[1] http://filmfund.gov.mk/?page_id=1195

[2] http://filmfund.gov.mk/wp-content/uploads/2020/04/Pravilnik-za-kriteriumi-1.pdf

**Филмските рецензенти** и **Финансискиот советник** се именуваат од страна на **Директорот на Агенцијата за филм** и тоа е негово ексклузивно дискреционо право.

Во однос на посебна процедура со критериуми за избор на рецензенти, поконкретно во законот не е наведено, а Агенцијата не поседува посебен акт со кој би се пропишала процедурата за избор на истите.

| | |
|---|---|
| **При извршување на увидот** поставено е прашање за посебна постапка на избор на рецензенти | Агенцијата ни посочија дека од Министерство за култура им било укажано и дадени се насоки за изготвување на процедура со посебни карактеристики за избор на рецензенти и истата моментално била во фаза на изработка. |

Како посебен критериум за избор на **Финансиски советник** во законот е назначено дека истиот треба да е **од редот на истакнати филмски продуценти.**

**Финансискиот советник** ги оценува финансиските и оперативните планови и буџетот на проекти по конкурсите, односно го анализира и проверува финансискиот и оперативниот план со сценариото; ја утврдува објективната усогласеност на финансискиот и оперативниот план по сценариото и доставува предлог до **Филмскиот Совет** за износот на средствата кои од Агенцијата за филм треба да се доделат за финансирање на проектите доставени на конкурсот.

**Филмскиот совет** согласно член 22 став 3 алинеја 1 од Законот за филмска дејност учествува во подготовка на конкурсите за финансирање проекти од национален интерес во филмската дејност и **дава Мислење** по содржината на објавениот конкурс. Во конкретниот случај по извршениот увид констатирано е дека **Филмскиот совет** преку е-маил коренсподенција доставил мислење.

На прашање од наша страна зошто истата е остварена на таков начин, ни посочија дека истата е за полесна комуникација помеѓу членовите на советот и директорот на Агенцијата поради секојдневните активности на членовите на Советот.

Претходно, а за да може **Филмскиот Совет** до **Директорот на Агенцијата за филм** да даде мислење кои од доставените проекти треба да бидат прифатени, односно одбиени по конкурсот, до **Филмскиот Совет** се доставува **Предлог на филмските рецензенти и финансиски советник** со листа на приоритетни сценарија и предлози кои проекти ги препорачуваат за поддршка согласно член 23 став 2 алинеја 3 и член 24 став 3 алинеја 3 од Законот за филмска дејност.

Откако ќе биде изготвен **Предлог на приоритетни сценарија** согласно **Правилникот** од страна на филмските рецензенти истиот се доставува до **Филмскиот Совет** кој согласно **Законот за филм** изготвува **Мислење** за тоа кои проекти доставени на конкурсите треба да бидат прифатени/одбиени по конкурсот и го доставува до **Директорот на Агенцијата**.

На предлог на Филмскиот Совет, Директорот му предлага на **Управниот Одбор** кои проекти да бидат прифатени/одбиени.

Крајната одлука за прифаќање или одбивање на проектите по конкурсите за финансирање ја носи **Управниот Одбор**. Одлуката која што е донесена од страна на Управниот одбор за прифатени проекти по конкурс за финансирање на проекти јавно се објавува на веб страната на Агенцијата за филм.

***Наод за спроведување на постапката за проверка***

По извршениот увид во документацијата за конкретниот Конкурс ТИ-Македонија забележа дека **процедурално постапката е извршена согласно законските одредби**. Односно, опфатени се сите фази и елементи за споведување на постапката согласно законот.

Сепак, иако се запазени сите фази во постапката, забележана е состојба на недостаток на процедура за судир на интереси, како и силно изразено постоење на судири на интереси кај лицата, членови на погоре наведените органи и тела, а кои имале одлучувачка улога за крајниот исход по спроведениот Конкурс.

***Анализа на судир на интереси***

**А) Правна рамка која го регулира исклучувањето на судир на интереси во оваа постапка**

*Согласно член 2 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси,* ***под судир на интереси*** *се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.*

*Согласно член 2 од Законот за филмската дејност, развојот, производството, промоцијата, дистрибуцијата и јавното прикажување на филмови* ***се од јавен интерес за Република Македонија.***

*Службените лица, нивните задачи при извршувањето на службени должности и овластувања е да постапуваат во полза на јавниот интерес. Во извршувањето на секојдневните обврски истовремено се и претставници на власта и приватни лица, нешто кое што често може да дојде до ситуација на судир на интереси.*

**Политиката за судир на интереси** која се однесува на Агенцијата за филм е уредена само со еден член од Законот за филмска дејност, член 32, додека посебен правилник или било каков друг акт со кој се уредува процедурата за утврдување и елиминација на судир на интереси не е усвоен.

*Согласно член 32 од Законот за филмска дејност насловен како „Судир на интереси“ гласи:* ***Директорот на Агенцијата, член на Советот, Рецензентите, Советниците и другите надворешни соработници, Претседателот и членовите на Управниот Одбор и вработен во Агенцијата не може да учествуваат на конкурс на Агенцијата, ниту да учествуваат во реализацијата на проект кој добил средства од Агенцијата.***

*Ставот два од горенаведениот член пропишува дека:* ***Директорот на Агенцијата, член на Советот, рецензентите, советниците и другите надворешни соработници, претседателот и членовите на Управниот Одбор и вработен во Агенцијата се должни да дадат писмена изјава со која под целосна материјална, морална и кривична одговорност изјавуваат дека немаат судир на интереси со поднесените барања.***

## Права на Директорот на Агенцијата и дискрециони овластувања

Директорот на Агенцијата за филм назначува **филмски рецензенти и финансиски советници**

За конкретниот Конкурс како рецензент за краткометражни филмови од страна на Директорот е назначена **Ана Опанчиќ**, додека за долгометражните филмови назначени се двајца рецензенти и тоа **Ана Василевска и Косара Митиќ**. Долгометражните филмови се бодуваат од двата рецензенти поединечно и од двете бодирања се создава една средна оцена. За проектите кои се пристигнати на албански јазик е назначен рецензентот **Илир Ајдини**.

Агенцијата назначила еден финансиски советник – **Бранко Петровски.**

## Констатирани судири на интереси со поднесени проекти

По разгледување на документацијата ТИ-Македонија забележа постоење судир на интереси во следните случаи во кои биле поднесени проекти спротивно на ***член 32 од Законот за филмската дејност:***

- кај рецензентот **Ана Опанчиќ** која е назначена да пишува рецензии за краткометражни филмови, а самата поднела филмски проект на истиот Конкурс за Краткометражни документарни филмови – со мнозински македонски удел во кој се јавува како режисер на проектот насловен како **„Последната станица."**

**Ана Опанчиќ го повлекла проектот** поради судир на интереси. Повлекувањето е констатирано и во мислењето на Филмскиот Совет бр.02-1679/12 од 26.12.2022 година.

Тука постои ситуација на а) повлекување на проект б) од страна на кандидат кој воопшто не требало да се доведе во ситуација да поднесе проект в) од причина што таквото постапување **се коси, односно е спротивно со дадената изјава** во која како назначен рецензент ќе постапува согласно законските обврски без присуство на судир на интереси во своето работење.

Давањето на една ваква изјава со себе повлекува и **одговорност и свест**, како и почитување на истата. Доколку свесно се постапува спротивно на дадената изјава од страна на било кој член во телата кои одлучуваат или вработен во Агенцијата за филн, се доведува во прашање неговата професионалност, објективност како и кредибилитет на самата Агенција.

Иако за „Филмскиот проект „Сузе Националe" во режија на **Сашко Мицевски** истиот на 09.12.2022 година поднел Изјава за изземање со која се иззема од одлучување. Тој останал да биде член на Филмскиот Совет, а поднесениот проект не е повлечен, што претставува повреда на членот 32 од Законот. Управниот одбор на 05.01.2023 година донел Одлука бр.02-25/35 за одбивање на проектот поради постоење на судир на интереси од причина што режисерот е член за Филмскиот совет.".

Во текстот на Одлуката на Управниот Одбор бр.02-25/35 од 05.01.2023 година за Одбивање на проектот на претпоследната страна во последниот пасус Управниот Одбор има наведено дека постои судир на интереси:

„Врз основа на член 21 став 1 алинеја 2 и член 30 став 1 од Законот за филмска дејност, Управниот одбор на предлог на Директорот, а по претходно мислење на Советот, донесува одлуки за прифаќање или одбивање на филмските проекти по конкурсот од член 25 став 1 од Законот. Согласно Мислење на Советот проектот не се прифаќа поради постоење на судир на интереси, односно член на филмски совет се јавува во својство на режисер. "

На ваквата Одлука од страна на Управниот Одбор, претходат Мислењето на Филмскиот Совет и Предлогот на Директорот на Агенцијата за филм.

Во Мислењето на Филмскиот Совет бр.02-1679/12 од 26.12.2022 година во делот 4. Насловен како „Проекти кои не се прифаќаат од страна на Советот иако ги поминале сите фази од процесот на евалуација", нотирано е следното:

Дебитантски долгометражни документарни филмови со мнозински македонски удел

„Сузе Национале" во режија на Сашко Потер Мицевски, пријава доставена од ОХО Продукција ДООЕЛ со вкупен број на добиени бодови 201 (режисерот е член на филмскиот совет).

Понатаму, од Предлогот на Директорот на Агенцијата за пректи кои не се прифаќаат, односно се одбиваат бр.02/1684/2 од 26.12.2022 година е нотирано следното:

Во делот 3 насловен како Проекти кои не се прифаќаат од страна на Совет иако ги поминале сите фази од процесот на евалуација:

Дебитантски долгометражни документарни филмови со мнозински македонски удел

„Сузе Национале" во режија на Сашко Потер Мицевски, пријава доставена од ОХО Продукција ДООЕЛ со вкупен број на добиени бодови 201 (режисерот е член на филмскиот совет).

Проектот бил поднесен и останал без да биде повлечен се до одлуката на Управниот одбор, односно член 32 од Законот за филмска дејност насловен како „Судир на интереси" гласи: Директорот на Агенцијата, член на Советот, Рецензентите, Советниците и другите надворешни соработници, Претседателот и членовите на Управниот Одбор и вработен во Агенцијата не може да учествуваат на конкурс на Агенцијата, ниту да учествуваат во реализацијата на проект кој добил средства од Агенцијата.

***Согласно член 32 од Законот за филмската дејност наведите лица не можат да учествуваат на конкурси и во реализација на проекти кои добиле средства од Агенцијата, истите знаеле дека се назначени за член на Филмски совет и за филмски рецензент, но свесно доставиле пријави на конкурсот иако знаеле, односно морале да знаат дека тоа преставува судир на интереси.***

***Со оглед на тоа што Агенцијата за филм нема посебни критериуми, односно правилник или било каков акт со кој подетално и попретпазливо би се внимавало на судирот на инстереси, се поставува прашањето како истата врши контрола на ваквите поднесени проекти кои имаат елементи на судир на интереси, а успеале да се провлечат и во подоцнежните фази на постапките за***

***избор? Дали претходно имало таква пракса во постапките за избор на филмски проекти и како е постапено е предмет на надзор на други надлежни институции?***

***Хронологија на настаните со повлечените проекти***

Индикативна информација, која можеби може да и се припише на случајноста е и поклопувањето на временската рамка со повлекувањето на проектот и моментот кога ТИ-Македонија се обрати до Агенцијата за филм и го истакна прашањето за судир на интереси за кое и претходно во јавноста – медиумите беше нагласувано. Односно, датумот од Мислењето на Филмскиот совет во кое е констатирано незјиното повлекување е после доставеното барање на ТИ-Македонија за пристап до информации од јавен карактер.

- Обраќањето на ТИ-Македонија е доставено на 22.12.2022 година,

- За проектот на Ана Опанчиќ изготвени се и евалуации од финансиски советник на 20.12.2022, што остава сомнеж дека постапката за проектите си течела се до моментот на поднесување на допис од наша страна

- Мислењето на Филмскиот совет со датум од 26.12.2022 констатирано е повлекувањето од филмскиот проект на Ана Опанчиќ и судир на интереси кај Сашко Мицевски.

**Претходни состојби кои имаат влијание на постапката**

Согласно законот за филмска дејност од страна на Дирекоторот на Агенцијата за филм се назначуваат и финансиски советници. Во овој конкурс назначен е само еден финансиски советниок и тој е Бранко Петровски.

**Бранко Петровски кој** од страна на Директорот на Агенцијата за филм е назначен како **финансиски советник, до** 2020 година бил член и на Филмскиот совет на Агенцијата. По доставена претставка на Милчо Манчевски до Министерството за култура, дека едно исто лице не може истовремено да остварува различни надлежности од Законот за филмската дејност, кои се взаемни и условени (односно во својство на финансиски советник да доставува предлог до Филмскиот совет и истовремено како член на Филмскиот совет да одлучува по сопствениот предлог), истиот бил разрешен од функцијата член на Филмскиот совет.

Бранко Петровски повторно е ангажиран како финансиски советник по пријавите пристигнати по Конкурсот за избор на филмски проекти од национален интерес во филмската дејност за 2022 година (втор рок на одлучување).

Како **филмски рецензент** во Агенцијата е назначена **Ана Василевска**. До 2020 година и Василевска била и член на **Филмскиот совет** на Агенцијата. По доставена претставка на Милчо Манчевски до Министерството за култура дека едно исто лице не може истовремено да остварува различни надлежности од Законот за филмската дејност, кои се взаемни и условени (односно во својство на филмски рецензент да доставува предлог до Филмскиот совет и истовремено како член на Филмскиот совет да одлучува по сопствениот предлог), Ана Василевска во директен судир на интереси била разрешена од функцијата член на Филмскиот совет.

Ана Василевска повторно е ангажирана за филмски рецезент на пријавите пристигнати по Конкурсот за избор на филмски проекти од национален интерес во филмската дејност за 2022 година (втор рок на одлучување).

Ана Василевска и Бранко Петровски повторно се назначени за Рецензент и Финансиски советник за Конкурсот за избор на филмски проекти од национален интерес во филмската дејност за 2022 година (втор рок на одлучување), каде како кандидат кој поднел филмски проект се јавува и **режисерот Милчо Манчевски**.

Вакви појави со можни претпоставки дека би имало судир на интерес или било каква трага на пристрасно постапување, постојат во сите области и дејности, затоа постојат начини и механизми со кои истите сомнежи се отстрануваат. Тоа е обврска на Агенцијата за филм, односно спроведување мерки во сопствена надлежност за отстранување на можните несакани последици.

Во овој конкретен случај, доколку се погледне Листата за евалуација за изводливост на филмски проекти во однос на буџетот, сложеноста, планот и термините за снимање од страна на финансискиот советник Бранко Петровски за филмскиот проект на кандидатот Милчо Манчевски може да се воочи дека истата **излегува од законските рамки на овластувањата кои ги има финансиски советник.** Имено, евалуацијата содржи коментари кои во најмала рака го надминуваат прагот на пристрасност и се критички наменети кон личноста на режисерот, а не кон филмскиот проект. Знаејќи ја состојбата на нивните претходни несогласувања, оставен е простор за можно пристрасно оценување.

Истиот филмски проект е оценет од страна на два филмски рецензенти (со заедничка средна оцена од две рецензии) од кои кога ќе се погледне бодувањето може да се забележи енормна разлика во бодувањето од страна на рецензентите. ТИ-Македонија преку пристапот за јавни информации прибави документација од конкеретниот Конкурс по увидот во истата се забележува дека рецензијата на **Ана Василевска** за конкретниот проект изнесува **77 од можни 150 бодови**, а додека рецензијата на Косара Митиќ за истиот проект е бодувана со **145 од можни 150** бодови.

Еден ист филмски проект бодуван од двајца рецензенти, едната рецензија ги има скоро максимум бодови, а додека другата рецензија, изготвена од лице кое претходно е разрешено по укажување на Милчо Манчевски, па според тоа состојбата на судир на интереси може да се дополни со можна состојба на пристрасност, е со бодови **едвај над минималното бодување** за да проектот помине во наредна фаза.

Начинот на бодување е пропишан со Правилникот за поблиските критериуми и мерила за оцена на критериумите за финансирање на филмските проекти од национален интерес во филмската дејност, што дополнително остава простор за дилема како е возможно еден ист проект да има толку голема бодовна разлика помеѓу двете изработени рецензии.

Кај филмскиот проект кој го поднел кандидатот Милчо Манчевски, Агенцијата за филм оставила простор да се јави сомнеж дека од страна на финансискиот советник и еден од филмските рецензенти постои можност истиот да не е третиран еднакво како и сите пристигнати проекти на конкурсот. Имено, на кандидатот и лицата кои го оценуваат филмскиот проект им претходи минато со поднесени претставки и кога постојат вакви ситуации многу често постои можност за реваншизам, нееднаков третман и објективност во оценување на проектот.

Дополнителен судир на интереси конкретно кај **Ана Василевска постои во нејзината работа за Агенцијата за филм** во својство на член на Филмскиот совет учествувала во реализација на проект поддржан од Агенцијата за филм Златна рамка со што е прекршен член 32 од Законот за филмска дејност. Имајќи го предвид фактот дека Друштвото за филмски работници е иницијатор, основач и организатор на филмската ревија Златна рамка судирот на интереси се проткајува и во рецензирање на проекти поднесени од кандидати кои се членови на управните органи на друштвото.

Дополнителен показател за сомнеж на необјективно постапување од страна на рецензентот Ана Василевска создава објавувањето на нејзин текст под наслов „Светска критика за 'Кајмак' на Манчевски, вулгарна конфузна, разочарувачка драмедија".

Како споредба на горенаведениот текст и сомнеж на пристрасна критика може да се посочи успехот на филмските проекти на режисерот Манчевски на филмските фестивали во регионот и пошироко.

При постоење на една вака поставена фактичка состојба (која отворено и без прикривање, речиси арогантно е повторена во повеќе наврати, се создава сомнеж дека кон сите кандидати не постои фер, рамноправен и изедначен пристап од страна на дел од одлучувачките органи) односно, се **остава простор за сомневање** дека очигледно и намерно се постапува спротивно на законот, спротивно на начелото на јавност, на етичките норми и професионалните стандарди, кои бараат да нема дискриминација или повластување на кој било, со целосно почитување на јавниот интерес.

Агенцијата за филм имала опција за да се отстранат сите сомнежи за објективност да назначи друг рецензент и друг финансиски советник за евалуација на проектот на Милчо Манчевски со оглед на претходната претставка која ја има поднесено за Ана Василевска и Бранко Петровски. На тој начин би бил отстранет секаков сомнеж за пристрасност, непрофесионалност и дискриминација во однос на кандидатот. Агенцијата за филм за да се заштити од судир на интереси и сомнеж за пристрасно, објективно и еднакво постапување кон сите кандидати треба да воспостави механизам преку кој ќе ги контролира и отраснува конфликтите од ваков вид.

Согласно начелото за еднаквост член 5 став 3 од Законот за спречување на корупција и судир на интереси ***„Секој има право да спречи или пријави корупција или извршување, односно пропуштање на дејствие што претставува искористување на фуункцијата, јавните овластувања, службената должност или положба за да се нанесе штета на друг, без да трпи било какви последици".***

Познавајќи ја праксата што како последица се јавува кај пријавувачите на корупција и судир на интереси, ја охрабруваме Агенцијата за филм да се издигне над ваквите ситуации и да преземе дејствија за решавање без понатамошни последици врз лицето кое посочило некаков вид на неправилности или неетичко постапување во институцијата.

***ЕЛЕМЕНТИ НА КОНЦЕНТРАЦИЈА НА МОЌ ВО АГЕНЦИЈАТА ЗА ФИЛМ***

Агенцијата за филм се основа заради поддршка, поттикнување и развој на филмската дејност, финансирање проекти од национален интерес за РСМ во филмската дејност, како и заради поддршка, презентирање и грижа за филмското творештво, а своето работење го заснова на принципите на стручност, професионалност, транспарентност, отчетност и одговорност за работењето и постигнатите резултати.

Анализирајќи ја структурата на Агенцијата се доаѓа до заклучок дека постои деловна поврзаност на органите на управување, филмските рецензенти и финансиските советници со раководството на Друштво на филмските работници на Македонија (во понатамошниот текст ДФРМ). Ваквата поставеност се коси со принципите за работа на Агенцијата.

Член на Управниот Одбор е и **Нина Николиќ** која е режисер на претставите кои ги режирала, „Буре барут" и „Разговори во четири очи" каде што како продуцент е Томи Салковски (Генерален секретар на ДФРМ). Нина Николиќ истовремено е член и на Управниот одбор на Македонскиот народен театар-Скопје.

Поврзаност со ДФРМ постои и кај **Бранко Петровски кој е назначен за** финансиски советник во Агенцијата за филм, а воедно е и Претседател на Надзорниот одбор на Друштвото на филмски работници и истоврмено како финансиски советник во постапката за одлучување по пријавите пристигнати на Конкурсот за финансирање на проекти од национален интерес во филмската дејност е континуирано во состојба на судир на интерес.

Рецезент по сценарија на последниот конкурс е назначена **Косара Митиќ**, која е режисер на филмот „Црвената соба", во кој како копродуцент е Томи Салковски (Генерален секретар на ДФРМ).

**Следствено на ваквата поврзаност на одлучувачките тела во Агенцијата** за филм остава траги на сомнеж дека постои можност одредени кандидати за филмски проекти да се ставаат во фаворизирачка положба, односно постои можност на реално влијание. Како пример може да се посочи проектот **„Белиот"** во последниот конкурс кој е награден со најголем износ на финансиски средства, а истиот проект **е во режија на Игор Иванов** (Претседател на ДФРМ).

Имено, и покрај тоа што Законот за филмска дејност содржи релативно општи услови за избор на членовите на Управниот одбор, **за членови се избрани повеќе личности кои имаат односно имале деловна соработка со раководството на ДФРМ.**

**Ваквата констелација на одлучувачките тела во Агенцијата за филм не ја гарантира примената на принципите на еднаквост и рамноправност на сите учесници на Конкурсот**, односно создава услови дека кон дел од учесниците на конкурсот се постапува фаворизирачки.

**Имајќи предвид ваквата состојба каде што една институција располага со средства од Буџетот на Република Северна Македонија како во конкретниот случај Агенцијата за филм, постапувањето со истите средства може да подлежи на казнена одговорност. Имено, согласно Кривичниот законик на Република**

**Северна Македонија, во глава триесет се наведени кривичните дела против службената должност, односно:**

**Злоупотреба на службената положба и овластување**

**Член 353**

**(1) Службено лице кое со искористување на својата службена положба или овластување, со пречекорување на границите на своето службено овластување или со неизвршување на својата службена должност ќе прибави за себе или за друг некаква корист или на друг ќе му нанесе штета, ќе се казни со затвор од шест месеци до три години.**
(2) Ако сторителот на делото од став 1 ќе прибави поголема имотна корист или ќе предизвика поголема имотна штета или потешко ќе ги повреди правата на друг, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.
(3) Ако сторителот на делото од став 1 прибави значителна имотна корист или нанесе значителна штета, сторителот ќе се казни со затвор најмалку три години.
(4) Со казна од ставовите 1, 2 и 3 ќе се казни и одговорно лице, одговорно лице во странско правно лице што има претставништво или врши дејност во Република Македонија или лице што врши работи од јавен интерес, ако делото е сторено во вршење на неговото овластување или должност.
**(5) Ако делото од ставовите (1) и (4) е сторено при вршење јавни набавки или на штета на средствата од Буџетот на Република Македонија, од јавните фондови или од други средства на државата, сторителот ќе се казни со затвор најмалку пет години.**

## ЗАКЛУЧОЦИ

ТИ Македонија по спроведениот мониторинг на постапката за избор на филмски проекти во рамки на Конкурсот за финансирање на проекти за 2022 година, констатира дека Агенцијата за филм треба повеќе да го потенцира прашањето за судир на интереси на повисоко приоритетно место во начинот на своето постапување.

Во Конкурсот за финансирање на проекти за 2022 година Агенцијата за филм не обезбедила непристрасност и објективност кај сите учесници преку кои се спроведувал овој Конкурси, поради што се исполнети услови истиот да биде оценет како нелегитимен и незаконски.

Поставеноста на дел од членовите на одлучувачките органи во самата Агенција е во судир на интерес со кандидатите кои поднесуваат филмски проекти по Конкурсите кои се проведуваат од нивна стана.

Недозволиво е за една институција чија мисија и визија е поддршка, поттикнување и развој на филмската дејност, финансирање проекти од национален интерес за РСМ во филмската дејност да остава простор за сомнение дека постапува нееднакво, нетранспарентно и пристрасно спрема сите странки во постапката.

Агенцијата за филм со ваквиот начин на работа каде што е евидентен судирот на интереси создава слика дека ги става во повластена положба одредени филмски работници, односно, дозволува фаворизирачко однесување.

**ПРЕПОРАКИ**

Постоењето на судир на интереси често претставува ризик од корупција, а со тоа создава висок степен на недоверба во начинот на кој се трошат буџетските средства. Оттаму, развојот и имплементацијата на систем за навремено реагирање и управување со ситуациите на судир на интереси е од суштинско значење и за работењето на Агенцијата за филм. Поради тоа се препорачува:

- Владата преку надлежното Министерство за Култура да побара, Агенцијата за филм откако ќе обезбеди непристрасност и објективност кај сите учесници преку кои се спроведуваат Конкурси, да го повтори предметниот конкурс.

- Надлежните институции, пред се Владата која ги обезбедува средствата за овој конкурс, надлежното Министерство за Култура, Заменик претседателката на Владата на Република Северна Македонија за Добро управување, Државната комисија за спречување на корупцијата и Државниот завод за ревизија, да ги преиспитаат постапувањето и одлуките одлуките на Агенцијата за Филм во овој конкурс и да преземат соодветни мерки во рамки на нивната надлежност;

- Владата преку надлежното Министерство за Култура и **Агенцијата за Филм да воспостават правила и процедура за** проценка на ризиците од судирот на интереси како и назначување на лице за спроведување на систем за управување со истите;

- Владата преку надлежното Министерство за Култура **да воспостави** спроведување на систем на санкции за непочитување на правилата со кои се управува судирот на интереси.




german cooperation
DEUTSCHE ZUSAMMENARBEIT

***Оваа анализа е изработена од Транспаренси Интернешнл Македонија во рамки на проектот „Промовирање на активно учество на граѓаните за борба против корупцијата во Југоисточна Европа“ поддржан од Министерството за надворешни работи на Германија. Мислењата изразени во оваа анализа не ги застапуваат ставовите на Министерството за надворешни работи на Германија.***